ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 71

Скопје, 12.09.2019 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

## СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа наука на економска социологија и социологија на организација на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 9**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа архитектонско проектирање и дизајн на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 11**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа архитектонско проектирање и дизајн на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 14**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа архитектонски конструкции на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКА СОЦИОЛОГИЈА И СОЦИОЛОГИЈА НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-642/3 од 22.05.2019 година донесена на 4-та седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје (УАКС), определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на економска социологија и социологија на организација на Факултетот за деловна економија и организациони науки при УАКС.

Конкурсот за овој избор беше објавен во "Независен весник" на 16.03.2019 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот:

1. *доцент д-р Венера Крлиу-Ханџиски*

Заедно со биографијата, кандидатот има доставено уверенија и дипломи за предходно оформени степени на образование, како и список на објавени рецензирани трудови. Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при УАКС да му го поднесеме следниот

И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Венера Крлиу Ханџиски (1983) со степен доктор на науки по социолошки и родови студии се стекнала на Универзитетот „Евро – Балкан“ – Скопје, Институт за општествени и хуманистички истражувања во 2014 година со одбрана на докторската теза на тема: „Работното место како мотиватор и ефектите врз флуктуацијата на работната сила и ефикасноста во организациите – сличности и разлики помеѓу машкиот и женскиот пол“.

Кандидатот со степен магистер по бизнис администрација – насока менаџмент се стекнала на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Факултет за деловна економија и организациони науки во 2007 година, со одбрана на магистерскиот труд на тема: “How does the organizational culture shape the organization”. Кандидатот има богато работно искуство од 2005 година до денес работи како главен оперативен директор во Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Кандидатот ја извршува функцијата заменик претседател на Одборот на директори на Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Во периодот од 2008 до 2012 година, д-р Венера Крлиу-Ханџиски е член на Македонската фондација за развој на мали и средни претпријатија.

Кандидатот има посетувано повеќе обуки и семинари и тоа: во 2015 година се стекнува со следните сертификати: обука на тема: „Производ или нешто повеќе“ во Скопје, Македонија, обука за Жени во бизнис – Лидерство и менаџмент во Скопје, Македонија, сертификат за European Entrepreneurship

Colloquium во Минхен, Германија, во 2009 година се стекнува со сертификат за European Entrepreneurship Colloquium во Мастрихт, Холандија, и во 2008 година се стекнува со сертификат за програмата за млади менаџери организирана од Блед-школата за менаџмент, сертификат за учество на Mr. Brian Tracy Conference – “Strategies for Maximizing the Profit in the 21st Century”, ноември 2007 година, сертификат за учество на UNHCR – Refugee and Migrants development office, Женева 2001 – 2005, сертификат за учество на Corporate Social Responsibility Conference, Bruxelles, June 2007.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Доц. д-р Венера Крлиу-Ханџиски од 2006 до денес, е ангажирана како доцент по предметот Организациско однесување. Во 2017 година е избрана за проректор за настава на Универзитетот.

Доц. д-р Венера Крлиу-Ханџиски има објавено повеќе научни трудови:

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (16 март 2019)** | **Рецензирано списание** | **Референтна научна публикација** |
|---|---|---|---|
| (2017) “The “Blue-collar” Motivation: Personal and Work Environment Predictors of Job Satisfaction among”. Stefanovska-Petkovska, M., Bojazdiev, M., Handjiski, V. K., Trajkovska, V. Universal Journal of Management 5(3): 149-159, 2017 | да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | / |
| (2017) “Organizational Culture and Strategic Alignment in Fast Moving Consumer Goods Company”. Marjan Bojadjiev, Ninko Kostovski, Venera Krliu Handziski, Dejan Shindilovski. Annual of ISPJR 2017, Volume XLI, Number 1. pp. 45-55 | да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | / |
| (2017) “Entrepreneurial Climate in Republic of Macedonia according to Global Entrepreneurship Monitor”. Marjan Bojadjiev, Ninko Kostovski, Venera Krliu Handziski, Elena Klisarovska. Annual of ISPJR 2017, Volume XLI, Number 1. pp. 125-135. | да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | / |
| (2016) “Age Related Preferences of Leadership Style: Testing | да | Да. Утврдено според расположливи | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| McGregor's Theory X and Y". Marjan Bojadziev, Miodraga Stefanovska Petkovska, Veneral Krliu Handziski, Gabriela Barlakoska, Journal of Management Research Vol. 8, No. 4, pp. 187-207 ISSN: 1941-899X | | информации на интернет страницата од списанието. | |
| (2015) "Job Diagnostic Survey – Longitudinal Study on the Balkan Countries – Macedonia, Bulgaria and Kosovo" – V. Krliu Handjiski; A. Tomovska Misoska; M. Stefanovska Petkovska; A. Krleska; I. Petrovska, Journal of Management Research, Vol. 7 (4), pp. 39-55, ISSN: 1941-899X | да | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | / |

Доц. д-р Венера Крлиу-Ханџиски ги има објавено и следните научни трудови (постари од пет години од денот на објавувањето на конкурсот):

- (2014) "Workspace as a factor of job satisfaction in the banking and ICT industries in Macedonia" – A. Tomovska Misoska; M. Stefanovska Petkovska; M. Ralev; V. Krliu Handjiski, Serbian Journal of Management, 9 (2), pp. 159-171. DOI: 10.5937/sjm9-6347
- (2013) "Creating a market oriented organizational structure as a key to overcoming the crisis" – E. Kastratovic; M. Bojadziev; V. Krliu Handjiski, Conference procedings of the 8th Annual International Conference on European Integration – "Out of the Crisis: EU Economic and Social Policies Reconsidered", pp. 377-396 University American College Skopje, ISBN: 978-608-4607-28-1
- (2010) "Workplace as motivator – Comparative Study of Employees in Business and Public Administration in Macedonia and neighbouring countries" – M. Bojadziev; N. Mojsoska Blazevski; D. Boshnjakovska; M. Stefanovska; V. Krliu; J. Janakievska; V. Saracini, Conference proceedings of the 5th Annual International Conference on European Integration – Europe after the Lisbon Treaty, pp. 182-204, University American College Skopje, ISBN: 978-608-4607-04-5
- (2009) "The Aspect of Human Resources Training and Development with Other Supporting Measurements Over the Total Sustainable Management" – M. Bojadziev, V. Krliu, IV May Conference on Strategic Management, Kladovo 2009, ISBN: 978-86-80987-73-6
- (2008) "Survey of Decision Making Practices of Macedonian Managers" – M. Bojadziev; M. Barisin; Z. Milovanovic; V. Krliu, book of abstracts of the 3rd Annual International Conference on European Integration – Globalization of the Region: EU Perspectives as a Challenge, University American College Skopje
- (2007) "Organizational Culture as a Driving Force in Modern Organizations" - M. Bojadziev; V. Krliu, Conference proceedings of the 2nd Annual International Conference on European Integration – Bringing Europe In: Different Mechanisms of Europeanization, pp. 116-127, University American College Skopje, ISBN: 978-

9989-2673-2-1
- (2006) "Application of Herzberg Theory in the Emerging Market – The example of Macedonia" – M. Bojadziev; V. Krliu, Compilation of papers of the 1st Annual International Conference on European Integration – Changes Arising from the EU Member Status, Unviersity American College Skopje, ISBN: 978-9989-2673-0-7

***Оптшествена дејност***

Доц. д-р Венера Крлиу-Ханџиски е добитник на државната награда „Мајка Тереза„ во 2017 година. Таа континуирано е инволвирана во бројни хуманитарни настани во државата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на доцент д-р Венера Крлиу-Ханџиски, Комисијата констатира дека кандидатот покажува постојан стручен, научен и наставен развој и се оформува во квалитетен универзитетски наставник и научник. Научно-истражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдува неговата ориентација за продлабочен системски пристап кон пошироката област, која се однесува на групата предмети за кои конкурира.

Имајќи ја предвид севкупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оцени дека д-р Венера Крлиу-Ханџиски ги исполнува предвидените законски и други услови, поради што има чест на Наставно-научниот совет да му предложи д-р Венера Крлиу-Ханџиски да биде избран во звањето вонреден професор по група предмети од областа на економска социологија и социологија на организација на Факултет за деловна економија и организациони при УАКС.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Ана Томовска-Мисоска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони наук,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Миодрага Стефановска-Петковска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 22-500/3 од 19.04.2019 година донесена на седница на наставнички совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн, одржана на 19.04.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Независен весник“, на ден 16 март 2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- ***М-р Оја Заде Абас***

врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

М-р Оја Заде Абас, е предавач на меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје од 2015 година, каде учествува во изведувањето на наставата на проектантските предметите од областа на архитектура и дизајн. Основно и гимназиско образование завршила во Охрид, Р. Македонија. Дипломирала 2011 година на Факултетот за архитектура и дизајн во Скопје при Американ Колеџ Скопје (UACS), магистрирала 2014 година на Факултетот за архитектура и дизајн во Скопје при УАКС со тема „Контејнерот како просторно функционален модул во концепирање на времени структури за вонинституционални едукативни центри на примерот на летн школа за архитектура“ под менторство на Проф. д-р Мишко Ралев.

***Наставно-образовна дејност***

Во октомври 2015 год. е избрана за предавач по група предмети од областа на архитектура и дизајн на меѓународната висока школа архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ – Скопје за следните предмети:

- **Втора година -** Графички дизајн, Индустриски дизајн.

Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизјан на УАКС учество во изведувањето на наставата на следните предмети:

- **Прва година** – Архитектонско проектирање 1, Архитектонско проектирање 2, Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 1

- **Втора година** – Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 2, Теорија и историја на архитектура, уметност и дизајн 3
- **Трета година** – Македонска архитектура и уметност 19-20.век

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност на м-р Оја Заде Абас. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека предавач м-р Оја Заде Абас искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Оја Заде Абас поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето предавач во областа архитектонско проектирање и дизајн.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, м-р Оја Заде Абас, да биде избрана во звањето *предавач* во научната област архитектонско проектирање и дизајн.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Мартин Гулески, с.р.
Архитектонски факултет, Универзитет Св. Кирил и
Методиј Скопје (професор во пензија)

Вон. проф. м-р Виолета Бакалчев, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Вон. проф. д-р Љупчо Јованов, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 22-500/3 од 19.04.2019 година донесена на седница на Наставнички совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн, одржана на 19.04.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје.
Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Независен весник“, на ден 16 март 2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- ***М-р Максим Наумовски***

врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

М-р Максим Наумовски, е докторант на Факултетот за архитектура при Техничкиот универзитет од 2014 година, каде учествува во изведувањето на наставата на институтот за урбанизам помеѓу 2014-2017. Основно и гимназиско образование завршил во Скопје, Р. Македонија. Дипломирал 2009 година на Архитектонскиот факултет во Скопје при УКИМ, магистрирал 2013 година на Факултетот за архитектура и дизајн во Скопје при УАКС со тема „Архитектура на форми на однесување, простори на повеќезначност“ под менторство на проф. Минас Баклачев. Со значително искуство како архитект и урбанист работи на голем број проекти и истражувања во Македонија. М-р Максим Наумовски уште за време на студиите па сè до денес работи на низа архитектонски конкурси и проекти во и надвор од републиката. Од 2010 година работи како лаборант а потоа и како асистент по група предмети од областа на урбанизмот на Факултетот за архитектура и дизајн при УАКС Скопје. Од 2015-2017 година работи како надворешен соработник во архитектонското студио Bosshard – Luchsinger architects office, во Виена, Австрија. Од 2018 година како дел од колективот ЛАТА работи на бројни архитектурни проекти, изложби и истражувања.

***Наставно-образовна дејност***

Во октомври 2015 е избран за Асистент по група предмети од областа на урбанизмот на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.
Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизјан на УАКС учество во изведувањето на наставата на следните предмети:
- **Втора година** – Архитектонско проектирање 3, Архитектонско проектирање 4
- **Трета година** – Основи на урбанизам
- **Четврта година** – Урбан дизајн 1, Урбан дизајн 2

- Во 2016 година одржал предавање на тема Универзитет и град на Факултетот за архитектура и дизајн.
- Во периодот од 2011 до денес е одговорен за комуникацијата и соработката на Факултетот за архитектура и дизајн и партнерски факултети од Европа.
- Во периодот од 2018 до денес е раководител на интернационалната летната школа за архитектура и дизајн при УАКС.
- Бил во организациониот одбор на ФАД во подготвување и реализирање на годишниата студентска изложба на Факултетот за архитектура и дизајн, 2013/2014; 2014/2015; 2015/2016; 2016/2017.

У*чество на семинари*

- Учествува на меѓународната конференција организаирана од УАКС во 2014 со трудовите:

*Implementation of the European Union regional policies in planning documents: The case of Macedonia.* Sasho Blazevski, MSc, Irina Grcheva, MSc, Maksim Naumovski, MSc. !0th annual international academic conference on European integration, Skopje, May 2014

*Elements Of Workspace As Factors Of Workspace Satisfaction In The Banking Industries Macedonia* " 9th International conference on European integration, The Europe Of Tomorrow: Creative, Digital, Integrated„, University American College Skopje (UACS)

Building Code Myth or Reality: Evidence from the Western Balkans. Dimitrova, M. Dimitrov, O. Eremeeva N., V. Naumovski, M. Conference proceedings of the 10th International May Conference on Strategic Management IMKSM 2014, Bor, 23-25.05, 2014, p. 993

***Стручно-уметничка дејност***

- Ревизија на детален урбанистички план Ј14 во општина Кисела вода, Скопје, Македонија
- Архитектонски прокет за повеќесемејна станбена зграда во општина центар, Скопје, Македонија
- Урбанистички проект и реновирање на индустриски објект во индустриската зона Лепенец во Скопје, Македонија
- Идеен архитектонски проект за седиштето на Мерцедес во Скопје, Македонија (прво место на отворен конкурс)
- Генерален урбанистички проект за градот Синоп, Турција. Office of Bosshard/Luchsinger
- Урбанистички проект за Seebad – Breitenbrunn, Austria. Конкурс, office of Bosshard/Luchsinger
- Архитектонски проект за реновирање и доградба на куќа од модернистичкото наследство на Скопје
- Архитектонски проект за куќа во населба Илинден, Скопје, Македонија
- Архитектонски проект за анекс на хотел Гранит, Охрид, Македонија

***Општествена дејност***

Во рамки на УАКС и ФАД член е на Организационен комитет на традиционална Годишна изложба на студенти на ФАД. Во рамки на ФАД преку серија предавања во рамки на останатите предмети од додипломски како и постдипломски студии, ја дава сложената контекстуална поврзаност на

архитектурата и јавниот простор.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека М-р Максим Наумовски искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

М-р Максим Наумовски своето делување во образованието и во релациите со околината ги темели врз етичноста, хуманоста и прифатените високи професионални, уметнички и педагошки критериуми. Комисијата го истакнува неговиот стремеж и придонес во иновирањето на наставата во текот на изминатите академски пет години, работејќи како наставник на група предмети од областа на архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за архитектура и дизајн. Наумовски на актуелните образовни тенденции им дава личен белег и наставата ја придвижува кон главните текови на архитектонското образование денес.

Ценејќи го сето предходно наведено, Рецензентската комисија со особена чест и со задоволство му предлага на Наставно-научниот Совет на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ колеџ во Скопје, кандидатот М-р Максим Наумовски, согласно Законот за високо образование, да биде избран во звање асистент по стручно-уметнички предмети од областа на архитектура, урбанизам и планирање.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Мартин Гулески, с.р.
Архитектонски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје (професор во пензија)

Вон. проф. м-р Виолета Бакалчев, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Вон. проф. д-р Љупчо Јованов, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА АРХИТЕКТОНСКИ КОНСТРУКЦИИ НА МЕЃУНАРОДНАТА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 22-500/4 од 19.04.2019 година донесена на седница на наставнички совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн, одржана на 19.04.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставни звања по група предмети од областа Архитектонски конструкции на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје.
Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Независен весник", на ден 16 март 2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- *д-р Сашо Блажевски*

врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Д-р Сашо Блажевски е предавач на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје од 2008 година, како и на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн каде учествува во изведувањето на наставата од областа на Конструкции. Основно и гимназиско образование завршил во Скопје, Р. Македонија. Дипломирал 1999 година на Архитектонскиот факултет во Скопје при УКИМ, магистрирал 2002 година на Delft University of Technology in Delft, The Netherlands.
Во текот на студиите Блажевски учествувал на повеќе летни школи, семинари и работилници во Македонија, Република Турција, Бугарија, Латвија и Хрватска.

Од 2003 година е основач на архитектонското ателје ЛОУ ТЕК, каде раководи и активно учествува во сите проектантски задачи и како проектант и како раководител на тим проектанти. Како проектант добитник е на повеќе признанија од областа на архитектурата, урбаниот дизајн и урбаното планирање.

Од 2008- 2010 година е Предавач на ACADEMIA ITALIANA –Skopje, и тоа по предметите - Landscape Design, Artistic Design and Industrial Design.

Од 2015-2017 година е избран за раководител на International School for Architecture and Design.

Докторирал 2019 година на Архитектонскиот Факултет во Скопје – при УКИМ со докторската теза: „Морфосинтакса на градска улица-дефиниција, синтакса и типологија" под менторство на Проф. д-р Мирослав Грчев.
Своето долгогодишно искуство во архитектурата Сашо Блажевски го комбинира и во филмската сфера во сегмент – сценографија. Зад себе има изработено повеќе рекламни спотови, кратки филмови и ТВ серии.

**Наставно-образовна дејност при УАКС**
Од 2008 г. Предложен е за предавач на група предмети од областа на Архитектонски Конструкции на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.
Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизјан на УАКС учество во изведувањето на наставата на следните предмети:

Прв циклус на студии
- **Втора година** – Архитектонски конструкции I и Архитектонски конструкции II
- **Трета година** – Детал во Архитектура

Втор циклус на студии
- **Четврта година** – Архитектонски конструкции I Архитектонска типологија – современи конструкции и системи

**Јавни проекти :**

- Идеен проект за винотека за Претседател на Република Македонија,
- Идеен Проект за ентериерно уредување на Народна канцеларија на Претседател на Република Македонија во Скопје,
- Идеен Проект за ентериерно уредување на Народна канцеларија на Претседател на Република Македонија во Тетово.
- Програма за поставување на урбана опрема на територија на Град Скопје,
- Основен проект за реконструкција и доградба на о.у. Димо Хаџи Димов во населба Влае во Скопје,
- Сообраќајни проекти за општина Карпош,
- Проект за надградба на општинската зграда на општина Карпош (во изработка).
- Проекти за поставување на инфо киосци на Министерство за култура на Република Македонија
- Основен проект за надградба и проширување на НБРМ (со авторот)
- Основен проект НБРМ- нов објект
- Идеен проект за реновирање и реконструкција на Кардиологија и Кардиохирургија при УКИМ.(Основен во изработка)

**Публикации:**

**2010** Пријавена е и во изработка Докторска дисертација на тема „Морфосинтакса на градска улица – дефиниција, синтакса и типологија“. Темата е објавена во Билтен на УКИМ бр. 987 од 15.01.2010 годна.
Скрипта по предметот Детал во архитектура (во изработка),
Скрипта по предметот Архитектонски конструкции 2 (во изработка).

**Учество на предавања, семинари, работилници и конференции:**

03.09 - 05.09.2010 Second International Symposium of Architecture, Охрид,

02.10.2010 Предавање за заштеда на енергија со Композитни системи за надворешна термичка изолација – КСИНИТИ на Градежен факултет при УКИМ,

29.10.2010 предавање за Актуелната состојба на енергетскта ефикасност во градежништвото во Република Македонија, Музеј на Град Скопје,

2009 - 2010 Посета на саемот за градежништво во Скопје,

2011 Team building “ Get involved IV “ – Охрид, Работилница за реконструкција на основни училишта во општина Карпош (организирано од општина Карпош и ФАД при УАКС),

27.09.2011 Семинар на тема: Совети за пишување труд кој треба да се објави, во организација на УАКС,

10.10.2011 Посета на предавање од архитект Марио Бота во Скопје.

10.2017 Кнауф Академија, Копаоник Р. Србија

11.07.2017 Кнауф Семинар ’’ ПП заштита на челични конструкции’’

08.2017 CineLink Industry Days / Sarajevo Film Festival

05.2018 Семинар ’’Кнауф во звучната изолација’’ – Македонска Филхармонија

06.2018 Art department masterclass 2018, Vilnius Litvania

**<u>Конкурси</u>**

1998 Museum for world culture in Gothenburg, Sweden, член на тим

2003 Pavement and urban furniture design competition for Macedonia Square in Skopje **1st Place** (Конкурс за партерно уредување на плоштад Македонија) – прва награда

2004 Competition for fountain at Macedonia Square in Skopje. (Конкурс за фонтана на плоштад Македонија.)

2004 Competition for Memorial Center ASNOM at Pelince near Kumanovo.(Меморијален центар Пелинце)

2006 UNDP Competition for city library in Radovish,Strumica,Kavadarci,Preljubiste, Jegunovce. (УНДП конкурс за библиотека)

2006 UNDP Competition for friendly library logo.

2007 UNDP Competition for city library in Berovo, 1st price

2007 Competition for extension for STATE PARLAMENT in Skopje, 3rd price

2007 International Competition for new building of Macedonian Philharmonia in Skopje. (Конкурс за нов објект на Македонска Филхармонија)

2008 International Competition for memorial house of Todor Proeski in Krushevo, Конкурс за меморијална куќа – Тодор Проески,Крушево

2008 International Competition for extension of city mall GTC in Skopje (Конкурс за надградба и проширување на ГТЦ)

2009 Design of a new building of the Ministry of Foreign Affairs of Republic of Macedonia. (Конкурс за нова зграда на МНР)

2009 Reconstruction of the town square in Kavadarci ( awarded) (Конкурс за уредување на плоштад во Кавадарци)

2009 An architectural solution for urban arrangement of a local square in Skopje settlement Vlae ( redeemed ) (Конкурс за преуредување на урбан плоштад во населба Влае)

2009 Design for arranging the major riverbed of Vardar from Goce Delchev bridge to Stone bridge- left side (Конкурс за пешачка патека долж кејот на реката Вардар)

2013 Design of a new building of a primary school in the neighborhood Kapistec, Skopje.(Конкурс за основно школо ’’Киро Глигоров’’, Капиштец)

2017 Javni natjecaj za izradu idejnog arhitektonskog rjesenja stanbeno-poslovne gradjevine I Zagrebu u Tkalcicevoj ulici

**<u>Публикации</u>**

Blazhevski Sasho (2002) - d(Raft) DESIGN, author.

Blazhevski Sasho (2004) -Architects in transition, author - published in KULTUREN ZIVOT cultural magazine.

Blazhevski Sasho (2007) - FORUM, political magazine - interview- title,"Moment that you can not miss out".

Blazhevski Sasho (2007) - GRADTELITE NA MAKEDONIJA, took place as young architect at the and of 20th century in G.Konstantinovski"s book for Macedonian architecture.

Blazhevski Sasho (2007)- FORUM, political magazine - interview for the town in future.

Blazhevski Sasho (2002-2008) - Several interviews for completed interior designs in

daily magazine VEST.

Grceva Irina,Blazevski Saso, Naumovski Maksim( 2014) -"Implementation of Europiean Union Regional Policies in Planning Documents : The Case of Macedonia ", in Proceedings of 9th Annual International Conference on European Integration The Europe of Tomorrow Creative, Digital, Integrated.Skopje, Macedonia, University American College Skopje, 2014, pp.237-248.

2010 Пријавена е и во изработка Докторска дисертација на тема „Морфосинтакса на градска улица – дефиниција, синтакса и типологија“. Темата е објавена во Билтен на УКИМ бр. 987 од 15.01.2010 годна.
Скрипта по предметот Детал во архитектура
Скрипта по предметот Архитектонски конструкции 2

**Учество на јавни трибини и дебати:**

**2011** Учество во работа на тркалезна маса на тема „Како до подобар закон за градење“ во организација на Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија и Друштво на градежни конструктори на Македонија, Хотел Дрим во Струга.

**Членство во професионални здруженија, бизнис организации и комисии:**

- Член на Деловен совет на УАКС,
- Член на комисија за контрола на финансиско работење на ААМ,
- Член на Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија,
- Претседател на Дисциплинска комисија на КОАИ.

**Учество на изложби:**

**2010** БИМАС – учесник со проектот Деловни простории CONTREX во Скопје.

**2011** АСК – учесник со проектот за за реконструкција и доградба на о.у. Димо Хаџи Димов во населба Влае во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека д-р Сашо Блажевски, искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на целата поднесена документација која е од важност за изборот.

Д-р Сашо Блажевски, своето делување во образованието и во релациите со околината ги темели врз етичноста, хуманоста и прифатените високи професионални, уметнички и педагошки критериуми. Комисијата го истакнува неговиот стремеж и придонес во иновирањето на наставата во текот на

изминатите академски пет години, работејќи како наставник на група предмети од областа на Архитектонски Конструкции на Факултетот за архитектура и дизајн. Блажевски на актуелните образовни тенденции им дава личен белег и наставата ја придвижува кон главните текови на архитектонското образование денес.

Ценејќи го сето предходно наведено, Рецензентската комисија со особена чест и со задоволство му предлага на Наставничкиот совет на Меѓународната висока школа за архитектура и дизајн при Универзитет Американ колеџ во Скопје, кандидатот д-р Сашо Блажевски, согласно Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања да биде избран во наставно звање *предавач* во научната област Архитектонски Конструкции.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Мартин Гулески, с.р.
Архитектонски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје (професор во пензија)

Вон. проф. м-р Виолета Бакалчев, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Вон. проф. д-р Љупчо Јованов, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323